# СОДРЖИНА


*ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

- **Измени кај Законот за данок на личен доход..........................................................5**

*ТРГОВИЈА*

- **Правилник за минимално-техничките услови во продажни објекти во кои се врши трговија на големо и трговија на мало..............................24**

*НЕСТОПАНСТВО*

- **Надоместоци од плата кај буџетските корисници согласно законот за извршување на буџетот за 2023 година............................39**

*СМЕТКОВОДСТВО*

- **Благајничко работење и благајнички максимум за 2023 година.............................54**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Јануари 2023 година…......…………………..……62**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Ноември 2022 година ....................82**
- **Коефициент на МДБ за Декември 2022 година...................83**
- **Коефициент на пораст на цените за Декември 2022...........84**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2023 година...............................................86**
- **Цени на гориво.................................................................88**
- **Курсни листи ..................................................................89**
- **Рокови за поднесување во Јануари 2023 година................95**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*.........................................**98**

**Прилог: Регистар за 2022 година за Деловни Информации**

# ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

дипл.економист: Ромео Костадинов

## ИЗМЕНИ КАЈ ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

***Измените во структурата на данокот на личен доход, донесен на крајот на 2022 година, стапуваат во примена од 01.01.2023 година ("Службен весник на РСМ" 274/22).***

***Конечно разрешена дилемата за прогресивното оданочување, кое се елиминира од Законот за ДЛД.***

### ВОВЕД

Најавуваните измени на крајот од 2022 година, предизвикаа огромен интерес, кај стручните и професионални работници од бизнис секторот, но и кај останатите.

Најзначајното прашање во правец на најавените измени, се однесуваше на прогресивното оданочување со данокот на личен доход.

Се очекуваше настапувањето на прогресивното оданочување, бидејќи истекуваше периодот на примена на пропорционалната стапка на персоналниот данок и не беше сигурно дали ќе се врати прогресивниот метод.

Иако се заговараше продолжување на прогресивното оданочување, победи разумот и аналитичкиот резултат од примената на прогресивното оданочување во 2019 година.

Останатите измени во регулативата за персоналниот данок, се однесуваат на укинување на дел од ослободувањата од данок и воведување на нови подвидови доходи за оданочување.

Кај капиталните добивки дојде до промена на оданочивата капитална добивка од промет на наследен имот од прв наследен ред по основ на подарок, кај хартиите од вредност и уделите и од инвестициските фондови.

## *1. ОБВРЗНИК И ПРОПОРЦИОНАЛНИ НАМЕСТО ПРОГРЕСИВНИ СТАПКИ*

Со Законот за данокот на личен доход, се уредува оданочувањето на личниот доход на физичките лица, обврзникот за плаќање на данокот, даночната основа за пресметување на данокот, даночните стапки, роковите за плаќање на данокот, како и други прашања, кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на личен доход.

Данокот на личен доход се плаќа годишно на збирот на доходот од сите извори, освен на доходот што е изземен од оданочување со законот.

Под личен доход, се подразбираат следните видови доход, остварени во земјата и во странство:

1) доход од работа;
2) доход од самостојна дејност;
3) доход од авторски и сродни права;
4) доход од продажба на сопствени земјоделски производи;
5) доход од права од индустриска сопственост;
6) доход од закуп и подзакуп;
7) доход од капитал;
8) капитални добивки;
9) добивки од игри на среќа;
10) доход од осигурување и
11) друг доход.

На оданочување, подлежи доходот што е остварен во пари, во хартии од вредност, во натура, или во некој друг вид.

Даночен период за кој се утврдува данокот на доход е календарската година, а на одделните видови доход, во текот на годината се пресметува аконтација на данокот на доход.

Даночен обврзник е секое физичко лице резидент на РМ, за доходот што го остварува во земјата и во странство.

Резидент е физичко лице кое на територијата на РМ, има постојано живеалиште или престојувалиште.

Резидентот има престојувалиште, ако во РМ престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена, во кој било 12-месечен период.

Обврзник на данокот на доход, е и трговец поединец, како и физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност и лице кое врши услуги или слободно занимање.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на РМ, за доходот што е остварен на територијата на РМ.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое непријавено врши дејност и остварува доход, кој подлежи на оданочување, според одредбите на законот.

Заради примена на даночното изземање или намалување кое произлегува од меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување, УЈП по барање на обврзникот - резидент, издава потврда за даночен резидент на РМ.

Потврдата за даночен резидент, УЈП е должен да ја издаде во рок од 30 дена, од денот на поднесување на барањето за нејзино издавање.

Заради одбегнување двојно оданочување, на обврзникот - резидент му се намалува пресметаниот данок на доход за износот на платениот данок на доход во друга држава, најмногу до износот што би се добил со примена на даночните стапки од законот за данок на доход, кој е во примена во РСМ.

### *1.1. Даночни стапки за ДЛД*

Пропорционалниот начин на оданочување од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на РМ" 241/18 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 290/20, 85/21, 274/22), е уреден согласно одредбите од член 11, со кој данокот на личен доход се плаќа по стапка од 10%, а за доходот од добивките од игри на среќа, данокот се плаќа по стапка од 15%.

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) данокот на личен доход, **за доход од работа**, се плаќа со примена на две даночни стапки, согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

**За игрите на среќа:**

- ***Пропишана стапка од 15% или***
- ***Пресметана стапка од 17,6471%.***

### *1.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2023*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2023 година* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***9.038,00*** |
| ***Годишно*** | ***108.456,00 (9.038 x 12)*** |

## *2. УКИНАТИ ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА*

Согласно одредбите од член 12 став 1 точки 35, 35-а и 36, беа предвидени ослободувања од персонален данок за:

- уплатена премија за животно осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати во РМ, објавени во јануари во тековната година според податоците на ДЗС;

- уплатена премија за доброволно здравствено осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, во висина од една просечна месечна бруто-плата во РСМ, објавена во јануари во тековната година според податоците од ДЗС;

- уплатен придонес во доброволен пензиски фонд за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати во РМ, објавени во јануари во тековната година според податоците на ДЗС.

Со **последните измени**, претходно наведените три надоместоци и приходи на физичките лица, не се ослободени од данок на личен доход, **од 01.01.2023 година**.

Уплатите во пензиските приватни фондови, при исплатата на пензиите, ќе имаат два периоди на исплати на пензиски надоместоци, со и без задршка на данок на личен доход.

### *3. ОДАНОЧУВАЊЕ НА КОМПАНИСКИ ИМОТ ЗА ЛИЧНИ ПОТРЕБИ*

Со последните измени, се воведува оданочување на употребата на имот од правни лица, за приватни потреби на физички лица, со примена од 01.01.2023 година.

Користење или стекнување на недвижен, подвижен имот и хартии од вредност/удели, ќе подлежи на личен доход, односно:

- користење на станбени згради или станови, кои се во сопственост на работодавачот или кои работодавачот ги користи по основ на закуп или по друг основ;
- користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели, вклучувајќи и превоз од и до работно место;
- стекнување со хартии од вредност и учество во капиталот на работодавачот и кај поврзани лица со работодавачот, без надоместок или по цена пониска од пазарната.

#### *3.1. Даночна основица*

Согласно одредбите од член 16 во став 1 точка 2-а, 2-б, 2-в и 2-г, даночна основица за данок на личен доход, претставува доходот наведен во следните потточки:

2-а) износот на закупнината што може да се постигне според локални прилики за сличен имот што се дава на користење под приближно еднакви услови, а во случај на закуп или по друга основа, износот на закупнина, што работодавачот го платил;

2-б) износот од 1% од сметководствената вредност на моторното возило на 31 декември во претходната година, а доколку вработениот платил надоместок за користење, намален за износот на надоместокот што вработениот го платил за користењето, месечно;

2-в) износот од 1% од набавната вредност на моторното возило во годината во која е набавено возилото, односно износот од 1% од набавната вредност на моторното возило, намалена за пресметаната амортизација со примена на амортизационата стапка утврдена со Номенклатурата на средствата за амортизација, во случај кога моторното возило е набавено врз основа на договор за лизинг, месечно;

2-г) пазарната цена на хартиите од вредност и учеството во капиталот (удели) на денот на стекнувањето, односно разликата, помеѓу пазарната цена и цената платена од страна на вработениот.

### *3.2. Пресметување на данокот на личен доход*

Согласно член 16 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РСМ" 241/2018...274/2023), **за доход од работа се смета:**

1. **Користење на станбени згради или станови, кои се во сопственост на работодавачот или кои работодавачот ги користи по основ на закуп или по друг основ.**
2. **Користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели, вклучувајќи и превоз од и до работно место,**
3. **Стекнување со хартии од вредност и учество во капиталот на работодавачот и кај поврзани лица со работодавачот, без надомест или по цена пониска од пазарната.**

Согласно член 16 од Законот за данок на личен доход, ОСНОВА за пресметување на данокот на доход од работа, претставува:

- **Износот од 1% од сметководствената вредност на моторното возило на 31 декември во претходната година, а доколку вработениот платил надоместок за користење, намален за износот на надоместокот што вработениот го платил за користењето, месечно,**
- **Износот од 1% од Набавната вредност на моторното возило во година во која е набавено возилото, односно износот од 1% од набавната вредност на моторното возило намалена за пресметаната аморти-**

**зација со примена на АМОРТИЗАЦИОНАТА СТАПКА УТВРДЕНА со Номенклатурата на средствата за амортизација, во случај кога моторното возило е набавено врз основа на договор за лизинг, месечно,**

- **Пазарна цена на хартиите од вредност и учество во капиталот (удели) на денот на стекнувањето, односно разликата помеѓу пазарна цена и цената платена од страна на вработениот.**

**ПРИМЕР 1:**

**Патничко возило, кое е купено во ГОДИНАТА НА КОРИСТЕЊЕ (2023 година), го користи вработен за деловни и приватни цели со право на управување и користење од 00 - 24 часа дневно.**

**Пресметка на данок на доход:**

1. Набавната вредност на моторното возило, набавено во 2023 година......................................2.500.000,00
2. Даночна основа (2.500.000 x 1%)..............................25.000,00
3. Данок на доход (25.000 x 10%)...................................2.500,00

**НАПОМЕНА: Правното лице – исплатител е должно секој месец за вработениот кој користи патничко моторно возило за приватни цели, да плаќа данок на личен доход во висина од 2.500,00 денари. Плаќањето на данокот на доход се прави секој месец во период на користење на возилото преку системот на е-ПДД, при што во вид на доход се избира:**

**Т1- ДОХОД ОД РАБОТА, а во подвид се избира**
**С1. 23- Користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели.**

**Начин на плаќање - на почетокот при пополнување на податоците во е-ПДД, треба да се избере ДРУГ НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ.**

**ПРИМЕР 2:**

**Патничко возило кое е набавено на 30.06 во ПРЕТХОДНАТА 2022 ГОДИНА се преотстапува на вработен без надомест на користење по работно време со полномошно за управување на возилото 24 часа на ден.**

Пресметка на данок на доход:

1. Набавната вредност на моторното возило набавено во 2022 година..........................2.500.000,00
2. Акумулирана амортизација на 31.12.2022 (25%) (2.500.000 x 25% : 12 x 6)...........312.500,00
3. Сегашна сметководствена вредност (2.500.000 – 312.500) ............................................2.187.500,00
4. Даночна основа (2.187.500 x 1%) .............................21.875,00
5. Данок на доход (21.875 x 10%) ...................................2.188,00

**НАПОМЕНА: Правното лице – исплатител е должно секој месец за кој користи патничко моторно возило за приватни цели да плаќа данок на личен доход во висина од 2.187.500,00 денари. Плаќањето на данокот на доход се прави секој месец во период на користење на возилото преку системот на е-ПДД, при што во вид на доход, се избира:**

**Т1- ДОХОД ОД РАБОТА, а во подвид на доход се избира С1. 23- Користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели. Во начин на плаќање на почетокот при пополнување на податоците во е-ПДД треба да се избере ДРУГ НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ.**

Согласно наведеното во Табела 1 се вметнати и други примери при користењето на транспортни средства, кај кои сегашната вредност е нула, односно исправката на вредност е нула (новонабавеното средство).

**Табела 1**

Пресметка на ДЛД од бесплатно користење на возило

| Р.бр. | Опис | Набавна вредност | Акумулирана амортизација 31.12.2022 | Сегашна вредност 31.12.2022 | Даночна основа | ДЛД месечно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Моторно возило | 2.500.000 | 625.000 | 1.875.000 | 18.750 | 1.875 |
| 2 | Патнички автомобил | 3.700.000 | 3.700.000 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Комби | 1.800.000 | 450.000 | 1.350.000 | 13.500 | 1.350 |
| 4 | Автомобил | 4.200.000 | 0 | 4.200.000 | 42.000 | 4.200 |

**ПРИМЕР 3:**

**Набавено е патничко моторно возило по пат на договор за финансиски лизинг на 30.06.2022 година. Возилото се користи 24 часа од страна на менаџерот на компанијата, со кое доаѓа и си оди од работа и го користи и по завршување на работното време. Набавната вредност на возилото изнесува 4.600.000,00 денари, со вклучени давачки и камати спрема лизинг друштвото.**

Пресметка на данок на доход за 01 и 02.2023 година

1. Набавната вредност на возило од лизинг............4.600.000,00
2. Амортизација за 6 месеци од 2022 година (р.бр.1 x 25% : 12 x 6).............................................575.000,00
3. Месеча амортизација ((р.бр.2 - (р.бр.2 : 6 x 1)..........95.833,00
4. СВ за пресметка на ДЛД за 01/2023 (р.бр.1 - р.бр.2) ....................................................4.025.000,00
5. СВ за пресметка на ДЛД за 02/2023 (р.бр.4 - р.бр.3) ....................................................3.929.167,00
6. Основица за ДЛД за 01/2023 (р.бр.4 x 1%)...............40.250,00
7. Основица за ДЛД за 02/2023 (р.бр.5 x 1%)...............39.292,00
8. ДЛД за 01/2023 (р.бр.6 x 10%)....................................4.025,00
9. ДЛД за 02/2023 (р.бр.7 x 10%)....................................3.929,00

Од примерот за пресметување на ДЛД за користење на возила од страна на вработените, кои се набавени по пат на финансиски лизинг, може да се констатира намалувањето на основицата за пресметка на ДЛД за секој месец, за износот на месечната амортизација (95.833), која е добиена кога од НВ со примена на стапката од 25% се добива годишната амортизација која се дели со 12, за да се добие износот на месечната амортизација.

Кај сопствените возила, основицата за цела година е сегашната вредност (набавна минус акумулираната амортизација) на 31.12 претходната година.

## *4. ОДАНОЧУВАЊЕ НА СТД ЗА ПРЕМИИ ЗА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ*

Согласно измените извршени со Законот за ДЛД, истоветно оданочување за животното осигурување се предвидува и за вршителот на самостојната дејност (работодавачот).

Согласно одредбите од член 27 став 1 точка 14 уплатената премија за животно осигурување за една календарска година за вработени лица и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, претставува даночно непризнат расход.

До 31.12.2022 година, на СТД и вршителите на дејност им се признаваше даночен расход до висина на две просечни месечни бруто плати во износ од 85.774,00 денари (42.887 x 2), за една фискална година.

Со укинувањето на ова ослободување од 01.01.2023 година, се пресметува ДЛД на износот на премиите за животно осигурување, уплатени по наведениот основ за финансиската година.

### *5. КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ ОД ПРОДАЖБА НА НАСЛЕДЕН ИМОТ*

Со измените кај капиталните добивки, на оданочување се подведуваат и капиталните добивки остварени од имот стекнат по пат на наследство или подарок, но со одредени ослободувања по основ на наследство од прв наследен ред и за подарок од прв наследен ред, доколку се исполнети законските услови.

Ако недвижниот имот, хартиите од вредност, уделите во инвестициските фондови, учеството во капиталот, друг подвижен имот и нематеријален имот се стекнати по пат на наследство или подарок, како набавна цена се смета цената по која се стекнати недвижниот имот, хартиите од вредност, уделите во инвестициските фондови, учеството во капиталот, друг подвижен имот и нематеријален имот од страна на правниот претходник (дарувачот или оставителот), согласно член 61 од Законот.

По исклучок, доколку не може да се утврди цената по која се стекнати хартиите од вредност како набавна цена ќе се смета најниската пазарна цена остварена на берзата или странските пазари, во годината во која се стекнати од правниот претходник (дарувачот или оставителот) или ако немало купопродажба, нивната номинална вредност.

При замена на удели од еден во друг инвестициски фонд со кои управува исто друштво за управување, како набавна цена се смета набавната цена на денот на првичното стекнување на уделот во инвестицискиот фонд кој е заменет.

Како куповна (набавна) цена на хартиите од вредност, кои се продадени или купени на берза или на странски пазари, се смета цената која обврзникот ја документира како стварно платена или, ако тоа не го стори, најниската објавена цена на берза или на странски пазари во годината во којашто е извршена продажбата или, ако немало купопродажба, нејзината номинална вредност.

Капитална загуба остварена од продажба на хартии од вредност на берзата во земјата во тековната година, се пребива со капиталните добивки, остварени од продажба на хартии од вредност на берзата во земјата во истата година.

Капитална загуба остварена од продажба на удели во инвестициските фондови во земјата во тековната година се пребива со капиталните добивки остварени од продажба на уделите во инвестициските фондови во земјата во истата година.

- обврзникот го продава недвижниот имот стекнат по основа на наследување од прв наследен ред;

### *5.1. Даночни ослободувања за капитални добивки*

Со законот и одредбите од член 63 од законот се предвидени следните ослободувања од плаќање на капитална добивка:

- обврзникот недвижниот имот во кој живее најмалку една година пред продажбата, кој го стекнал по основа на подарок од прв наследен ред, го продава по истекот на три години од денот на стекнувањето од страна на правниот претходник (дарувачот);
- обврзникот недвижниот имот кој го стекнал по основа на подарок од прв наследен ред, го продава по истекот на пет години од денот на стекнувањето од страна на правниот претходник (дарувачот);“.

Данок на доход не се плаќа за капитална добивка остварена од продажба на хартии од вредност доколку:

1) обврзникот ги стекнал со емисија на хартии од вредност реализирана како иницијална јавна понуда;

2) обврзникот ги продава хартиите од вредност, кој ги стекнал по основа на наследување или подарок од прв наследен ред, по истекот на две години од денот на стекнувањето од страна на правниот претходник (оставителот или дарувачот);

3) обврзникот ги продава хартиите од вредност кои ги стекнал по пат на денационализација;

4) обврзникот ги продава долгорочните должнички хартии од вредност издадени од државата и долгорочни должнички хартии од вредност издадени од општините, општините во Градот Скопје и градот Скопје.

### *5.2. Оданочување на КД од наследени удели од ИФ*

Данок на доход не се плаќа за капитална добивка остварена од продажба на удели од инвестициски фондови, доколку обврзникот ги продава уделите во инвестициски фондови, кои ги стекнал по основа на наследување или подарок од прв наследен ред, по истекот на две години од денот на стекнувањето од страна на правниот претходник (оставителот или дарувачот).

Данок на доход не се плаќа за капитална добивка остварена од удели во инвестициски фондови, при замена на удели од еден во друг инвестициски фонд, со кои управува исто друштво за управување.

## *6. ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОХОД ОД ОСИГУРУВАЊЕ*

Согласно одредбите од член 68 од Законот за ДЛД, под доход од осигурување се подразбира:

1) премијата за осигурување живот, уплатена од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност;

2) премијата за доброволно здравствено осигурување уплатена од правно лице или обврзник, кој остварува доход од самостојна дејност;

3) премијата за неживотно осигурување уплатена од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, освен премијата која е ослободена од оданочување согласно членот 12 точка 34) од законот; и

4) исплатената осигурана сума, освен надоместокот на штета согласно членот 12 од закон.от

Обврзник на данокот на доход од осигурување е физичкото лице кое остварува доход од членот 68 од законот.

Согласно одредбите од член 70 основа за пресметување на данокот на доход од осигурување, претставува:

1) износот на уплатената премија за осигурување живот од правно лице или обврзник, кој остварува доход од самостојна дејност;

2) износот на уплатената премија за доброволно здравствено осигурување од правно лице или обврзник, кој остварува доход од самостојна дејност;

3) износот на уплатената премија за неживотно осигурување од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност; и

4) износот на осигурената сума намален за износот на уплатените премии за осигурување живот во случај кога премиите се уплатени од физичко лице, односно износот на осигурената сума намалена за износот на уплатените премии за осигурување живот кои се оданочени согласно член 70 точка 1.

## *7. АКОНТАЦИИ ЗА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

Согласно одредбите од член 80 од Законот за ДЛД, аконтацијата на данокот на доход се плаќа по одбивка, односно исплатувачот на доходот го пресметува, задржува и плаќа данокот на доход за обврзникот, при секоја исплата, на следните видови доход:

1) доход од работа;

2) доход од авторски и сродни права;

3) доход од продажба на сопствени земјоделски производи, ако исплатувачот на доходот води деловни книги;

4) доход од закуп и подзакуп, ако исплатувачот на доходот води деловни книги;

5) доход од права од индустриска сопственост;

6) доход од капитал;

7) добивки од игри на среќа;

8) доход од осигурување и

9) друг доход, ако исплатувачот на доходот води деловни книги.

## *8. ПРЕСМЕТКА И ПЛАЌАЊЕ НА АКОНТАЦИИТЕ*

Врз основа на одредбите од член 85 став 1 исплатувачот од членот 84 од законот за ДЛД, пред секоја исплата на доходот на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка, е должен до УЈП да достави пресметка за бруто-доходот, одбитоците, прес-

метаниот данок по одбивка и нето-доход за исплата, за секој обврзник поединечно.

По исклучок, исплатувачите на добивки од посебните игри на среќа се должни до органот за јавни приходи да достават пресметка за бруто-доходот и пресметаниот данок по одбивка за секој обврзник поединечно, кој остварил добивки од посебните игри на среќа најдоцна наредниот ден по денот на исплатата на доходот (85, став 2).

Исплатувачот на добивки од посебни игри на среќа е должен на органот за јавни приходи да му достави месечен извештај за исплатен доход - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка, најдоцна до седми во тековниот за претходниот месец.

Пресметката се доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

Пресметките ги одобрува УЈП, пред да се изврши плаќањето на данокот и исплатата на доходот кај носителот на платниот промет.

Начинот на пресметка и уплата на аконтациите на данокот на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за доход и данок ги пропишува министерот за финансии.

Формата, содржината и начинот на поднесување на месечниот извештај за исплатените добивки од игри на среќа ги пропишува министерот за финансии.

По исклучок, обврзникот за пресметка и уплата на данок на доход по основа на плата, надоместок на плата и исплата по основа на деловна успешност на работодавачот е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој обврзник за плаќање за соодветниот месец и податоците за пресметана плата или дел од плата, надоместок на плата и исплата по основа на деловна успешност да ги доставува до УЈП најдоцна до десетти во тековниот за претходниот месец по електронски пат, на образец пропишан со Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.

Исплатувачот од членот 84 од законот е должен на обврзникот да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот на доход и за платените придонеси **при секоја исплата**.

### *9. ИЗВЕШТАИ ЗА ИЗВРШЕН ПРОМЕТ*

Органот за јавни приходи по службена должност прибавува податоци од други субјекти, кои се од значење за утврдување на данокот, а се однесуваат на остварениот доход на физички лица.

Централниот депозитар за хартии од вредност е должен на органот за јавни приходи да му достави годишен извештај со податоци за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица, најдоцна до 15 јануари во тековната година за претходната година.

Друштвата за управување со инвестициски фондови се должни на органот за јавни приходи да му доставaт годишен извештај со податоци за остварениот доход од удели во инвестициски фонд, најдоцна до 15 јануари во тековната година за претходната година.

Формата, содржината и начинот на поднесување на извештаите ги пропишува министерот за финансии.

### *10. АКОНТАЦИИ ШТО ГИ ПРЕСМЕТУВА И ПЛАЌА ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ*

Во текот на годината, обврзникот пресметува и плаќа аконтација на данокот на доход, за следните видови доход:

1) доход од закуп и подзакуп, остварен од издавање на:

- физички лица,
- физички лица кои остваруваат доход од самостојна дејност, а данокот го плаќаат според паушално утврден нето-доход,
- дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави и меѓународни организации, во случаи кога обврзникот остварува бруто-доход;

2) капитални добивки, освен капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд;

3) доход остварен од странство;

4) доход од работа во дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави и меѓународни организации, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет за кои обврзникот сам го утврдува и уплатува данокот;

5) доход од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари;

6) доход остварен од повремено или привремено вршење услуги на физички лица;

7) друг доход од членот 3 став 1 точка 11 од законот.

Аконтациите на данокот на доход за доходот се пресметуваат со примена на стапката од 10%, односно 11,1111%.

## *11. ДАНОЧЕН НЕРЕЗИДЕНТ И ДЛД*

Доколку примателот на доходот е даночен резидент на држава со која РСМ има склучено договор за одбегнување на двојното оданочување, во тој случај на доходот кој се оданочува се применува даночна стапка, која не смее да ја надмине висината на даночната стапка, која е утврдена за тој вид доход, согласно со договорот.

Даночно изземање или пониска стапка определена во договорот со странска држава се применува на доходот ако физичкото лице нерезидент располага со пропишани обрасци заверени од УЈП и од надлежниот даночен орган на странската држава или одобрение за даночно изземање издадено од УЈП.

Начинот на примена на даночно изземање или намалување согласно со меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување на доходот, кој го остварува физичкото лице нерезидент, како и формата и содржината на обрасците ги пропишува министерот за финансии.

УЈП е должна да издаде одобрение или да донесе решение за одбивање на издавање одобрение по поднесените барања за даночно изземање или пониска стапка во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

## *12. АКОНТАЦИЈА НА ДАНОК НА ДОХОД ОД КАПИТАЛНА ДОБИВКА ОД ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И УДЕЛИ ВО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ И ДРУГИ АКОНТАЦИИ*

Аконтацијата на данокот на доход од капитална добивка од хартии од вредност и удели во инвестициски фондови од членот 58 од законот се пресметува од УЈП врз основа на пода-

тоците од годишниот извештај од член 85-а став 1 и 2 од законот, најдоцна до 15 февруари во тековната година за претходната година.

Исплатувачот на доходот од член 80 од законот за кој аконтацијата на данокот на доход се плаќа по одбивка е должен задржаниот данок да го уплати при секоја поединечна исплата.

Аконтациите на данокот на доход по одбивка се пресметуваат и плаќаат според стапката што важи на денот на исплатата на доходот, освен данокот на доход по основ на плата, надоместок на плата, пензија и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот кој ќе се пресметува и плаќа според стапката и даночното намалување што важат за месецот за кој се пресметува и исплатува платата, надоместок на плата, пензија и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот.

### *13. АКОНТАЦИЈА ОД ОБВРЗНИКОТ*

Аконтација на данокот на доход утврден во одобрените пресметки, се плаќа најдоцна до 15-ти во месецот, за претходниот месец за:

- доходот од закуп и подзакуп на кој аконтацијата на данокот не се плаќа по одбивка,
- капиталните добивки, освен капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд,
- доходот остварен од странство,
- доходот од работа во дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет, на кој данокот не е пресметан и платен по одбивка,
- доходот од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари,
- доходот остварен од повремено или привремено вршење услуги на физички лица и
- друг доход, на кој данокот не е пресметан и платен по одбивка.

Данокот на доходот остварен во странска валута, се пресметува во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на остварување на доходот.

Аконтација на данокот на доход, утврдена со решение на органот за јавни приходи, се плаќа за:

- доходот остварен од обврзник СВД - паушалец и паушалец земјоделец (продавач на зелен пазар) до 15 во месецот за претходниот месец,
- доходот од закуп и подзакуп до 15-ти во месецот за претходниот месец,
- доходот од капитални добивки во рок од 15 дена од денот на доставување на решението и
- доходот прикажан во неодобрените пресметки од членот 88 од законот во рок од 15 дена од денот на доставување на решението.

### *14. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА И ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ОДРЕДБИ*

Одредбите (членовите 58, 59, 60, 61 и 62 од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на РМ“ 241/18 и „Службен весник на РСМ“ 275/19, 290/20 и 85/21) и одредбите од членот 15 од законот со кои се додава нов член 85-а, одредбите од членот 18 од законот со кои се додава нов член 91-а и одредбите од членот 19 од законот со кои во членот 93 се додава нов став 4), кои се однесуваат на оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, ќе се применуваат за хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, кои се **стекнати почнувајќи од 1 јануари 2023 година** од страна на обврзникот или од страна на правниот претходник во случај на наследување или подарок.

Пресметката на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд (согласно одредбите од членовите 58, 59, 60, 61 и 62 од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на РМ“ 241/18 и „Службен весник на РСМ“ 275/19, 290/20 и 85/21) и одредбите од член 15 од законот, со кои се додава нов член 85-а, одредбите од член 18 од законот со кои се додава нов член 91-а и одредбите од член 19 од законот со кои во членот 93 се додава нов став 4) ќе се врши хронолошки, според временскиот период

на извршените трансакции, со користење на методот на прв влезен, прв излезен (FIFO - метод) од најстарата кон најновата трансакција, почнувајќи од 1 јануари 2023 година.

Одредбите (член 55, 56, 57, 84 и 92 од законот), кои се однесуваат на оданочувањето на каматите од орочени депозити, ќе се применуваат од денот на пристапувањето на РСМ во ЕУ.

Одредбите (член 58, 59, 60, 61 и 62 од законот), кои се однесуваат на оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, ќе се применуваат од 1 јануари 2023 година.

За капиталните добивки остварени од продажбата на недвижен имот по денот на започнувањето на примената на законот врз основа на продажба на недвижен имот стекнат по основа на подарок од прв наследен ред, **до денот на започнувањето на примената на законот** ќе се применуваат одредбите од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на РМ" 241/18 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 290/20 и 85/21).

Подзаконските акти, чие што донесување е утврдено во законот, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на законот, најкасно до 31.03.2023 година.

Законот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.

# ТРГОВИЈА

*м-р Магдица Костадинова*

## ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ВО ПРОДАЖНИ ОБЈЕКТИ ВО КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО

***Заради остварување на трговска дејност во соодветни простории и услови, која овозможува примена на меѓународни стандарди во работењето, донесен е Правилникот со кој се пропишуваат условите за обавувањето на трговијата.***

### *ВОВЕД*

Правилникот за минимално-техничките услови во продажни објекти, во кои се врши трговија на големо и мало е донесен врз основа на член 22 став 2 од Законот за трговија (“Службен весник на РМ” 16/04...120/18 и “Службен весник на РСМ” 77/21, 215/21, 295/21 и 150/22).

***Истиот се применува од 31 Декември 2022 година.***

Со правилникот се пропишуваат минимално-техничките услови, што треба да бидат исполнети за вршење на трговија на големо и трговија на мало во продавниците, стоковните куќи, трговските центри (молови), самопослугите, магацините, складовите, деловните простории, зелените пазари, посебните пазари на големо и мало, автоплацевите, бензинските станици и продажните објекти, во кои што се врши трговија на посебни начини, односно во сите продажни објекти.

*Минимално-техничките услови се однесуваат за:*

- Продажни објекти, во кои се врши трговија на мало на стоки со различни начини на продажба преку послужување, самопослужување (самопослуги), стоковни куќи и бензински станици;
- Продажни објекти, во кои се врши трговија на мало на широк избор односно асортиман на стоки во трговски центри од затворен или отворен тип и други објекти во состав на трговските центри;
- Продажни објекти, во кои се врши трговија на големо на стоки преку магацини;
- Продажни објекти, во кои се врши трговија на стоки на големо или на големо и мало и во деловни простории;
- Продажни објекти, во кои се врши трговија на земјоделски стоки и
- Продажни објекти, во кои што се врши трговија на посебни начини:

  - посебно организирани пазари,
  - киосци,
  - автомати,
  - подвижни улични продавачи,
  - автоплацеви,
  - саеми и стопански изложби и
  - панаѓури.

Сите погоре наведени продажните објекти, треба да бидат изградени, уредени, опремени и приклучени на објекти и уреди на комунална инфраструктура и тоа: водоводна мрежа, одвод на отпадни води и електрична мрежа.

Доколку продажните објекти се наоѓаат во неурбанизирано подрачје, на кое не се изградени објекти и уреди на комуналната инфраструктура, објектите треба да бидат изведе-ни, уредени и опремени во согласност со соодветните технички норми и технички прописи.

На влезот на продажниот објект треба на воочлив начин да биде истакнат **називот на фирмата** на правното или физичкото лице кое врши трговија, седиштето на правното или физичкото лице, телефонскиот број, како и други посебни ознаки, согласно дејноста и видот на продажниот објект.

Називот на фирмата во ноќните часови, треба да биде осветлен.

На влезот на продажниот објект треба на воочлив начин да биде истакнат и **телефонскиот број** на Државниот пазарен инспекторат.

Пристапната површина пред продажниот објект, треба да биде уредена и опремена на начин кој овозможува лесно чистење и одржување на таа површина и изведено така да овозможи непречен влез и пристап до продажниот објект, согласно посебните прописи.

Ако пред продажниот објект не постои уреден тротоар, пристапната површина пред продажниот објект и излогот треба да биде асфалтирана, бетонирана или поплочена со камен, односно изведена на друг начин, така да обезбедува непречено движење на потрошувачите и одржување на чистотата.

Пристапот до продажен објект кој се наоѓа во двор или колективна станбена зграда, треба да биде така уреден за да не им пречи на останатите корисници на зградата, при користење на тие простори.

Просторот пред продажниот објект, може да се користи под следните услови:

- да изнесува најмногу до една третина од пристапната површина на продажниот објект, сметано од предната влезна врата до работ на тротоарот, патеката или просторот пред продажниот објект;
- да не се оградува или затвора на било кој начин;
- да не го попречува движењето на луѓето и потрошувачите;
- да биде опремен со подвижни гондоли или продажни тезги и соодветна опрема за продажба на отворено и
- да не се врши печење или приготвување на прехранбени производи кои се предмет на трговија.

Продавницата, покрај општите услови, наведени погоре, треба да има најмалку 6м2 површина и најмалку 2,5 м висина, освен за објектите кои се под заштита согласно Законот за заштита на културното наследство.

Просторот пред влезот во продавницата, треба да биде осветлен.

Продавницата која е изградена на три или повеќе ката треба да има изградено скали со ширина од најмалку 1,1 м.

Продажните објекти со површина од **над 1.200 м2** треба да имаат вграден лифт за четири и повеќе лица или подвижни скали (ескалатор).

Подот во продавницата треба да биде изведен од материјал кој може лесно да се чисти (терацо, камен, керамички плочки, одредени вградени смеси, гума и слично), треба да биде рамен и мазен и не треба да биде лизгав.

Ѕидовите и таванот на продавницата, треба да бидат обоени и не треба да бидат оштетени.

Во продавницата или во делот на продавницата во кои се врши продажба на **свежо месо и риба**, ѕидовите треба да бидат обложени со **керамички плочки** до висина од **најмалку 1,8 м од подот**.

Продавниците треба да имаат санитарен јазол и топла и ладна вода за сопствени потреби.

Продавниците со корисна површина од над 1.200 м2 треба да имаат санитарни јазли со претпростор и мијалник со топла и ладна вода, одвоено за мажи и жени.

Продавниците со продажен простор од над 1.200 м2 треба да имаат агрегат за производство на електрична енергија за осветлување и погон на разладните уреди.

Продавницата треба да има обезбедено добро природно и вештачко проветрување на просториите.

Продавница во која се печат и пржат пилиња, месо, риби, колбаси и други месни производи, треба да имаат дополнителен апарат за вештачко проветрување со капацитет кој обезбедува потполно изнесување на загадениот воздух од продавниците.

Продавницата треба да биде опремена со полици, тезги, продажни маси, гондоли и друга слична опрема зависно од организацијата на работењето и видот на стоката, која се продава во продавницата.

Продавницата треба да користи фискална каса и мерила (ваги и слични уреди).

Фискалната каса и мерилата треба да бидат поставени на места што ќе овозможат увид на потрошувачите.

Во продавницата во која се врши продажба на облека, треба да има кабини за проба.

Кабините треба да бидат осветлени, да имаат огледало и закачалка.

Во продавницата во која се продаваат обувки, треба да има најмалку две седишта и огледало.

Продавницата во која се врши продажба на лесно расипливи прехранбени стоки, треба да има разладни уреди.

***Продавницата во која продажбата на стока на мало се врши претежно со самопослужување*** на потрошувачите (самопослуга), а нејзиниот простор е поголем од 400 м2, покрај условите што беа наведени погоре за продавниците, **треба да ги исполнува и следните услови**:

- да има соодветен број на кошници и колички за носење на стоката;
- растојанието помеѓу полиците со изложена стока треба да изнесува најмалку 1 м, а ако се користат колички, со должина од најмалку 1,50 м;
- при влезот да има посебен простор за оставање на чување на стоките, што ги внесува купувачот и
- да има посебна просторија за прием и складирање на стоките.

***Стоковната куќа*** во која се врши продажба на широк избор на стоки на принцип на послужување или самопослужување, покрај условите што беа наведени погоре за продавниците, треба да ги исполнува и следните услови:

- големината на продажниот простор не треба да биде помала од 500 м2, а височината од 2,80 м;
- да има посебна просторија за прием и складирање на стоките;
- да има товарен лифт за пренос на стоките, доколку продажниот простор е на катови;
- да има лифт и подвижни скали (ескалатор), доколку има повеќе од два ката;
- да има најмалку еден женски и еден машки санитарен јазол со претпростор со мијалник, со топла и ладна вода за потрошувачите кои се видно обележени и
- да има систем за информирање на потрошувачите.

***Продавниците на бензиските станици,*** покрај условите што беа наведени погоре за продавниците, треба да ги исполнуваат и следните услови:

- да имаат настрешници најмалку во ширина на предната страна на продавницата во должина од најмалку 6 м и висина од најмалку 5 м;
- да имаат апарати за точење на сите видови течни горива со кои се врши промет, прописно баждарени и обележени со податоци за видот на горивото, цената на горивото и за издадената литража;
- за апаратите кои поседуваат контролно стакло, истото треба да биде секогаш полно и протокот да е без меурчиња;
- да се истакне натпис “не се користи” или “неисправен“ ако апаратот не се користи или е неисправен;
- да имаат посебно изградено подземни резервоари за горивата, кои се користат како склад за потребите на станицата;
- окното над влезниот отвор на резервоарот, односно окното во кое се сместени приклучоците за полнење на резервоарот, треба да биде непропустливо, за да не може да влезе вода и нечистотија во горивото;
- на поклопецот на резервоарот, треба да биде означен видот на горивото кое се наоѓа во истиот;
- да имаат прописно баждарена мерна летва за мерење на горивото;

- да имаат апарат за пумпање на гуми;
- да имаат водовод и санитарни уреди со бојлери за топла вода со најмалку 30 литри, а доколку постои градски водовод и санитарен јазол, одвоено за мажи и за жени и
- на јасен и читлив начин да го имаат истакнато називот на секој поединечен нафтен дериват и неговата цена, со димензии на буквите и цифрите од најмалку 10 см висина и тоа на осветлена табла со димензии од најмалку 150 см висина и 100 см ширина, подигната најмалку 100 см од земја, поставена на влезот или на друго видно место на бензинската станица.

### *3. ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ (МОЛОВИ)*

Трговскиот центар (мол), покрај општите услови, треба да ги исполнува и следните услови:

- има соодветно означени најмалку еден влез и излез доколку е од затворен тип, со површина до 10.000 м2, а доколку е со површина над 10.000м2, да има најмалку два влеза и излеза;
- доколку е од отворен тип, треба да овозможи лесен пристап од било која страна на влез и излез;
- да располага со соодветен паркинг за возила според големината на трговскиот центар (мол);
- да има товарен лифт за пренос на стоки, доколку продажниот простор е на катови;
- да има лифт или подвижни скали (ескалатор) за потрошувачите доколку има најмалку еден кат;
- да има најмалку еден женски и еден машки санитарен јазол на секој кат, со претпростор со мијалник со топла и ладна вода за потрошувачите, кои се видно обележени и
- да има систем за информирање на потрошувачите.

Трговскиот центар (мол) треба да биде организиран и одржуван како една целина, составен од продажни и други објекти, кои се поврзани со заеднички простории, вклучувајќи пешачки патеки, сервисни простории, магацини и други помошни простории. Продажните објекти во рамките на молот се: продавници, киосци и штандови во кои се продаваат следните видови на сто-

ки: прехранбени стоки, облека, обувки, козметика, накит, книги, музика, играчки, спортска опрема, информатичко-технолошка опрема, декоративни и други видови на украси, електрични апарати за домаќинство, мебел, обезбедување услуги и друго.

Другите објекти во трговскиот центар (мол), можат да бидат најмалку три од следните објекти: банка и банкомат, односно менувачница, аптека, кино, ресторан или штанд за брза храна, кафуле/кафетерија и видови забавни игри (игротека, куглана и друго).

### *4. МАГАЦИНИ*

Магацинот покрај општите услови, треба да ги исполнува и следните услови:

- да има непречен пристап за истовар и утовар на стоките и посебен влез;
- да има потребна опрема за сместување и манипулирање со стоките;
- да има разладни уреди, доколку во магацинот се чуваат лесно расипливи прехранбени стоки;
- да има простории за работници, гардероба, ормани и санитарии;
- да има природна или вештачка вентилација и да биде осветлен со природно осветлување и со уреди за вештачко осветлување;
- магацин со повеќе од еден кат, треба да има товарен лифт и скали со соодветна ширина за пренос на стоката и
- да има санитарен јазол и топла и ладна вода за сопствени потреби.

### *5. СКЛАДОВИ*

Складот покрај општите услови треба да ги исполнува и следните услови:

- да се наоѓа на суво, исцедно или дренирано земјиште;
- да биде покриен или отворен во зависност од видот на стоките што се продаваат;
- да биде ограден;

- приодот до складот треба да биде поплочен или од тврдо набиен материјал за непречен приод на товарни и патнички возила и влезот во складот да биде слободен и осветлен;
- да биде осветлен со природно осветлување и со уреди за вештачко осветлување;
- да има агрегат за производство на електрична енергија ако има ладилник и комори за зреење на одредени стоки;
- во зависност од видот на стоките, треба да има потребна опрема, прибор и алат за сместување, мерење и манипулирање со стоките;
- да има одвоена просторија за вршење на административни работи, во врска со продажбата на стоките во складовите и
- да има санитарен јазол и топла и ладна вода за сопствени потреби.

Увозникот на нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, за вршење на трговија на големо, покрај општите услови, треба да располага и со посебен склад.

Складот треба да ги исполнува следните услови:

1) минималната зафатнина на резервоарот да е 25 м3 за биогориво, 50 м3 за течен нафтен гас (ТНГ), односно 100м3 по дериват за останатите нафтени деривати и горива за транспорт и

2) резервоарите да бидат на едно место оградени со ограда и влез и излез и да не бидат поврзани со бензинската станица.

Складовите треба да ги исполнуваат барањата од техничките прописи за складирањето и преточувањето на горивото, утврдени со закон или друг пропис.

### *6. ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ*

Зелените пазари на кои се врши продажба на земјоделски стоки на големо, покрај општите услови, треба да ги исполнуваат и следните услови:

- да имаат површина од најмалку 10.000 м2;
- да имаат посебен влез и излез и уреден паркинг и патеки за моторни транспортни средства, со означени простори за продажба;
- просторот пред влезот и излезот на пазарот на големо треба да биде осветлен и приспособен за непречено слободно движење на моторни возила и на потрошувачите;
- да бидат оградени;
- да бидат соодветно осветлени;
- да имаат разладни уреди за чување на лесно расипливи стоки;
- да имаат опрема за мерење, колски ваги, ваги и соодветни средства за манипулирање со стоките;
- да имаат најмалку по еден санитарен јазол за мажи и жени на секои 2.000 м2 корисна површина за потребите на продавачите и потрошувачите;
- да имаат посебни простории за вработените за вршење на административни и стручни работи меѓу потрошувачите и продавачите и да се користи фискална каса;
- да имаат санитарен јазол за вработените, за мажи и жени со претпростор со мијалник со топла и ладна вода;
- да имаат по една чешма на отворено на секои 1.000 м2 корисна површина;
- да имаат една третина од корисната површина покриена со настрешница и
- да имаат посебно ограден простор за собирање на отпадоци, лоциран на излезот на пазарот.

Зелените пазари на кои се врши продажба на земјоделски стоки на мало, покрај општите услови, треба да ги исполнуваат и следните услови:

- да имаат површина од најмалку 1.000 м2 доколку на зелениот пазар се врши продажба само на земјоделски стоки, т.е. најмалку 1.500 м2 доколку зелениот пазар има и посебно организиран дел на кој се врши продажба и на други стоки;
- да бидат оградени;
- да имаат јасно одбележен влез и излез, осветлен во ноќните часови;

- да имаат стандардизирани тезги, нумерирани и со истакната фирма на трговецот;
- секоја тезга, на која продавачот не е земјоделски производител да користи фискална каса;
- растојанието меѓу редовите на тезгите треба да изнесува најмалку 2 м за непречено движење на потрошувачите;
- да има најмалку по еден санитарен јазол, за мажи и жени на секои 500 м2 корисна површина со претпростор со мијалник со топла и ладна вода, за потребите на продавачите и потрошувачите;
- да има простор за чување на ваги и друг прибор кој што се издава на продавачите;
- висината на затворениот продажен простор, треба да биде најмалку 4 м и со обезбедена вештачка вентилација;
- да има по една чешма на отворено, на секои 500 м2 продажен простор;
- да има најмалку една третина од корисната површина покриен простор со настрешница;
- да има посебен простор и опрема за собирање на отпадоци и
- да има посебни административни простории за вработените, со санитарни јазли за мажи и жени со претпростор, со мијалник со топла и ладна вода.

Продажниот простор, во кој што се врши продажба на млеко, млечни стоки и риба, треба да биде затворен со тезги за продажба на тие стоки.

Поради лесната расипливост на ваквите производи, покрај природната вентилација, треба да се обезбеди и вештачка вентилација (вентилатори и слично) и да има најмалку еден приклучок за вода за одржување на хигиената на продавачите.

На посебно организираните делови на зелените пазари, на кои се врши продажба на други стоки, треба да бидат исполнети и следните услови:

- да имаат најмалку 500 м2 површина;
- да имаат посебно означени продажни места - боксови со површина од 4 м2 за секој трговец поодделно, со јасно и читливо истакната фирма на трговецот и да се користи фискална каса;

- продажните места - боксовите да бидат распоредени и групирани според видот на стоките и
- растојанието меѓу редовите на продажните места - боксовите треба да изнесува најмалку 2 м за непречено движење на потрошувачите и секое продажно место - бокс да биде опремено со полици.

## *7. ПРОДАЖНИ ОБЈЕКТИ ВО КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА ПОСЕБНИ НАЧИНИ*

### *7.1. Посебно организирани пазари*

Посебно организираните пазари за продажба на стари моторни возила и стари автоделови (автоплацеви), покрај општите услови, треба да ги исполнуваат и следните услови:

- да имаат површина од најмалку 5.000 м2 ;
- просторот да биде ограден;
- просторот пред влезот и излезот на пазарот за стари моторни возила, треба да има соодветно осветлување и да биде приспособен за непречено и слободно движење на продавачите и потрошувачите;
- во пазарот за стари моторни возила, просторот за продажба, треба да биде означен посебно за лесни, посебно за тешки моторни возила и да има одвоен простор за продажба на стари автоделови, уреден со соодветен број на продажни тезги;
- секој продавач треба да користи фискална каса;
- на секоја тезга да има јасно и читливо истакната фирма на трговецот;
- пазарот треба да има посебна просторија за вработените за вршење на административно-стручни работи, за вршење на услугите на комитентите;
- да имаат по една чешма на отворено на секои 2.000 м2 корисна површина и
- да имаат најмалку по еден санитарен јазол за мажи и жени на секои 2.000 м2 корисна површина, за потребите на продавачите и потрошувачите.

Посебно организираниот пазар на кој се врши трговија на мало за продажба на добиток, живина (опрема и сточна храна), земјоделски алати, огревно дрво, режана и тесана граѓа, како и на употребувани производи треба да биде надвор од населено место, да биде ограден, да има површина од најмалку 1.000 м2, да има посебен влез и излез и на секои 500 м2 да има поставено чешма.

Просторот пред влезот и влезот на пазарот, треба да има соодветно осветлување и да биде приспособен за непречено и слободно движење на добитокот, живината, транспортните средства, продавачите и потрошувачите.

Просторот на пазарот од овој вид треба да биде одвоен посебно за живина, ситен добиток, посебно за крупен добиток, а за крупниот добиток да има место за врзување на добитокот.

Пазарот за добиток и живина треба да располага со опрема за мерење на добитокот/живината, вода за поење на добитокот/живината и одвоен простор за прибирање на сметот.

Доколку на ваквиот пазар се врши продажба и на земјоделски алати, огревно дрво, режана и тесана граѓа, како и на употребувани производи потребно е истите да бидат одвоени посебно од добитокот.

Посебно организиран затворен пазар во кој продажба на стоки се врши од страна на повеќе трговци, покрај општите услови, треба да ги исполнува и следните услови:

- да има посебно означени продажни места (штандови) за секој трговец поодделно со истакната фирма на трговецот;
- секое посебно продажно место да користи фискална каса;
- растојанието меѓу редовите на штандовите треба да изнесува најмалку 2 м за непречено движење на потрошувачите;
- секое продажно место да биде опремено со полици;
- да има најмалку по една кабина за проба со огледало и закачалка на секои три штанда за продажба на облека;
- да има најмалку две седишта и огледало на секои три штанда за продажба на обувки и
- да има посебни административни простории за вработените, со санитарни јазли за мажи и жени, со претпростор со мијалник со топла и ладна вода, кои се видно обележани.

*7.2. Киоск*

Киоск е просторија, во која продажбата на стока на мало се врши преку шалтер, без влез на купувачот во продажниот простор.

Висината на киоскот не може да биде помала од 2,20 м, а слободниот простор во киоскот за движење на продавачот не треба да биде помал од 2 м2, под услов во киоскот да се исполнети условите во поглед на микроклиматските услови.

Киоскот треба да биде опремен со полици, продажни маси, гондоли, алат, направи за мерење и разладни уреди.

Опремата за киоскот треба да биде прилагодена во зависност од видот на стоките и начинот на нивната продажба и изработена од материјали, кои лесно се чистат и одржуваат.

Гондолите можат да бидат поставени најмногу од двете страни.

Киоскот треба да има настрешница не поголема од 1,2 м.

Доколку во киоскот се врши продажба на леб, пецива, месни, млечни и зрнести стоки, кои не се во оригинално пакување, киоскот треба да биде опремен со топла и ладна вода.

Киоскот треба да има обезбедена помошна просторија за санитарно-хигиенски потреби на вработените, на оддалеченост од најмногу 100 м.

*7.3. Автомати*

Продажба преку автомати, треба да се врши согласно техничките услови и опременоста на автоматот, зависно од видот на производот.

На автоматот треба да биде истакната фирмата на сопственикот на автоматот.

*7.4. Подвижен уличен продавач*

Подвижен уличен продавач, продажбата ја врши со:

- моторно возило или приколка кои треба да имаат најмалку 3 м2 продажен простор и 1,5 м висина и
- подвижна количка, која при продажба на прехранбени стоки, треба да биде затворена со проsирен материјал.

На секое моторно возило или приколка и подвижна количка, треба јасно да биде истакната фирмата на трговецот.

Секој подвижен уличен продавач, треба да има беџ за идентификација, закачен на видно место на облеката.

Продажбата на стоки во замрзната или разладена состојба, може да се врши, доколку подвижниот уличен продавач има разладни уреди.

Подвижните улични продавачи на местото на кое ја вршат продажбата да не печат, пржат или приготвуваат прехранбени производи, кои се предмет на трговија.

### *7.5. Саеми, стопански изложби и панаѓури*

Саемите може да се организираат на соодветен затворен простор.

Стопанските изложби и панаѓурите, може да се организираат на соодветен затворен и отворен простор. Покрај општите услови, саемите, стопанските изложби и панаѓурите кои се организираат на соодветен затворен простор, треба да ги исполнуваат и следните услови:

- да имаат простор од најмалку 1.000 м2 ;
- да имаат опрема за изложување на стоките;
- да имаат опрема за манипулирање со стоките, во зависност од видот на стоките;
- да имаат простори за вршење на административни работи и состаноци и
- да имаат помошни простории за хигиенско-санитарни потреби.

Просторот пред саемот и влезот на саемот треба да биде осветлен и да е приспособен за непречено и слободно движење на посетителите. Доколку стопанските изложби и панаѓурите се организираат на отворен простор, треба да имаат простор од најмалку 1.000 м2.

# НЕСТОПАСТВО

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2023 ГОДИНА*

***Условите и начинот за извршувањето на Буџетот на РМ за 2022 година се објавени во „Службен весник на РС Македонија" 282/2022, со примена од 01.01.2023 година.***

### *ВОВЕД*

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот, да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници должни се да го контролираат наменското и законитото користење на средствата, со кои располагаат единките корисници, и не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со буџетот.

Техниката на наплата на приходите, плаќањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите, ги пропишува министерот за финансии.

Заради надминувањето на недоречени барања и субјективни толкувања, сите субјекти - корисници на буџетски средства, се должни да се придржуваат на условите, роковите, износите и намената на средствата предвидени со Законот.

# *1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ*

Согласно член 6 од Законот за Извршување на Буџетот *(во натамошниот текст ЗИБ*), буџетските корисници од Централната власт, ***можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот,*** до трезорот при Министерството за финансии, достават Годишен финансиски план **по квартали**, за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници, должни се до секоја единка корисник**,** ***во рок од пет дена*** од денот на донесу-вањето на Буџетот, да достават ***Извадок од годишниот финансиски план*** по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани средствата, наменети за одделните единки корисници.

## *1.1. Изработка на финансиски план*

***Врз основа на извадокот од годишниот финансиски план, единките корисници изготвуваат свој финансиски план*** по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план, го доставува до Министерството за финансии, ***во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.***

Во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт**,** ***можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали***, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи, кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото потребно е да се достават образложение и ревидиран годишен финансиски план, по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт, изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, програми, потпрограми и по ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна ***пет дена*** пред почетокот на кварталот, за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници на Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии, ***да доставаат и збирен квартален план по месеци по сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници***.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од Централната власт можат да достават ***Барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки,*** во рамки на износите од-обрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел ***090.02 – Министерство за финансии – функција на државата, се користат без одобрување на финансиски план.***

Во случај кога Владата на Република Македонија, односно министерот за финансии во рамките на законските овластувања одобрува средства од раздел ***090.02- Министерство за финансии – Функции на државата на друг буџетски корисник,*** средства се одобруваат како финансиски план (***право на трошење***), во разделот на буџетскиот корисник.

## *2. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ*

### *2.1. Исплата на плати*

Согласно член 8 од ЗИБ, исплатата на плати на буџетските корисници од Централната власт и Единките корисници, ***ја одобрува Министерството за финансии***.

Буџетските корисници од централната власт и единките корисници, ***се задолжени два дена пред исплатата на плати*** до Министерството за финансии, ***да доставаат Барање за одобрување на средства за плати, кон кое ќе ги приложат Образец Ф-1 за бројот на вработените,*** по име и презиме, бруто и нето плата и други податоци, предвидени во образецот во пишана и електронска верзија (***на ЦД, електронска пошта и друго***), за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од централната власт и единките корисници, се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат ***Образец М-1.***

Вработените во буџетските корисници од централната власт имаат право на додаток на плата **во висина до 30%** од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетскиот корисник се обезбедени средства за оваа намена.

**Правото на додаток на плата ќе се остварува почнувајќи со исплатата на платата за месец март.**

Додатокот на плата, **не се исплаќа** на вработените во буџетскиот корисник од централната власт на кои им е утврдено правото на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, освен додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници, утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.

Вработените во буџетските корисници од централната власт кои работат во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош **ИПА, имаат право на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата**.

Вработените во буџетскиот корисник кој е надлежен за извршување на мерките за директни плаќања во земјоделството и руралниот развој и спроведување на мерките за државна помош во земјоделството, имаат право на додаток на плата **во висина од 15% од износот на основната плата**, **доколку истите не го остваруваат правото на додаток на плата**.

### *2.2. Надоместоци од плата*

Во Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година, ***предвидени се следните надоместоци од плата и тоа:***

- **Надоместок на трошоци за одвоен живот;**
- **Надоместок за закупнина на стан, во случај да не користи службен стан;**
- **Надоместок за селидбени трошоци;**
- **Надоместок во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци;**
- **Надоместок за отпремнина при заминување на работник во пензија;**
- **Надоместок во случај на смрт на вработен или член на семејство.**

Во Законот за извршување на Буџетот за 2023 година, **не е предвидено, да се исплатува:**

- **Дневници за службени патувања во земјата**
- **Надомест за теренски додаток;**
- **Надомест за регрес за годишен одмор;**
- **Надомест за јубилејни награди;**
- **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели.**

### *2.2.1. Надоместок на одвоен живот*

Согласно член 11 од ЗИБ, на избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници, од денот на нивното именување, заклучно со денот на нивното разрешување, *им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството,* ***во висина од 30% од просечната месечна нето плата, исплатена во Република Македонија во претходните три месеца.***

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата, кои имаат семејство за издржување, засноваат работен однос во орган на управата, надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот, во кој имаат засновано работен однос, ***не живеат со нивното семејство***.

***Надоместокот за одвоен живот, не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.***

На избраните и именуваните функционери, кај буџетските корисници од централната власт и единките корисници, кои користат надоместок за одвоен живот од семејството, не им следува надоместок за трошоците за превоз, заради посета на потесното семејство.

### *2.2.2. Надоместок за користење на службен стан*

Согласно член 12 од ЗИБ, на лицата на кои им следува правото на користење на службен стан, согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден**, *имаат право на надоместок за закупнина на стан*.**

Владата на Република Македонија со Одлука ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

***Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан, меѓусебно се исклучуваат.***

Одредби за надоместок за одвоен живот и користење на службен стан, ***се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи***, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

> ***НАПОМЕНА: За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа, по која било друга основа, надоместокот за одвоен живот не се исплатува.***

### *2.2.3. Надоместок за селидбени трошоци*

Согласно член 15 од ЗИБ, ***надоместокот за селидбени трошоци,*** на лица на кои им следува право на користење на службен стан, ***се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината***.

> ***НАПОМЕНА: Надоместокот за селидбени трошоци не следува, доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.***

### *2.2.4. Надоместок за непрекинато боледување*

Согласно член 16 од ЗИБ, во случај на непрекинато боледување ***подолго од шест месеци***, на вработениот му се исплатува еднократна парична помош ***во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот, каде што е вработен.***

### *2.2.5. Отпремнина за заминување на работни во пензија*

Согласно член 17 од Законот, во случај на ***заминување на работникот во пензија,*** му се исплатува ***двократен износ*** за отпремнина, пресметан врз основа на ***просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.***

### *2.2.6. Надоместок во случај на смрт на работник или член на семејство*

Согласно член 18 од ЗИБ, ***во случај на смрт на вработен***, на неговото семејство му припаѓа парична помош ***во висина од двократен износ*** на просечна месечна нето плата по работник во РС Македонија, објавена до денот на исплатата.

Во случај на ***смрт на член од потесното семејство*** на вработениот (***родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување***), му припаѓа парична помош ***во висина од една просечна месечна нето плата*** по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

Овие надоместоци се исплатуваат по претходно доставено **БАРАЊЕ** со комплетирана документација во годината на настанување на смртта, односно во годината, која следи по годината на настанување на смртта.

За работниците ***ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања***, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, ***а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.***

> **НАПОМЕНА**: ***Буџетските корисници сите НАВЕДЕНИ НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА, ги исплаќаат од одобрените средства со Буџетот.***

### *2.2.7. Законски одредби за остварувањето на правото на надоместоците од плата*

Правото на остварување на надоместоците од плата поврзани со работа покрај што е регулирано со Законот за Извршување на Буџетот, кај вработените во Јавниот сектор е регулирано и во повеќе законски прописи, **кои пропишуваат различни видови на надоместоци, кои во одделни законски прописи не се спомнати или се укинати.**

Независно што одделни законски решенија предвидуваат повеќе видови надоместоци, сепак треба да се има предвид **содржината на одобрениот буџет на буџетскиот корисник, дали во истиот се планирани и одобрени таков вид на исплати.**

При планирањето и исплатата на надоместоците поврзани со работата, се поставува прашањето дали тие се предвидени со законската регулативе и дали се планирани при формирање на Буџетот на буџетскиот корисник.

**Табеларен преглед на надоместоците од плата согласно законски прописи**

| **Вид Надмест** | **ИЗНОС** | **Закон за извршување на Буџетот за/2023** | **Закон за Работни односи** | **Закон за Административни службеници** | **Општ колек. Договор за Јавен сектор** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одвоен живот** | **30%** од просечна месечна нето плата исплатена во РМ во претходните три месеци | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Користење на службен стан** | **Со Одлука** на Влада на РСМ | Предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден |
| **Селидбени Трошоци** | Во висина на **вистински трошоци** за превоз на покќнина | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Непрекинато боледување, подолго од 6 месеци** | Една последна исплатена просечна месечна Нето плата во Органот каде што е вработен | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Дневници за службени патувања во земјата** | | Предвидено | Не е предвиден | | |
| **Помош за смрт на вработен** | Двократен износ од просечна нето плата до денот на исплата | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Помош за смрт на член на семејство** | Една просечна нето плата до денот на исплата | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Користење на сопствено возило за службени цели** | | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |

### *3. ВРАБОТУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ НА ОПРЕДЕЛЕНИО И НЕОПРЕДЕЛЕМО ВРЕМЕ И ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТНИК ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА*

Согласно член 20 од ЗИБ **буџетските корисници и Единките корисници** на средства од Буџетот на РС Македонија, **Јавните претпријатија, Агенции и Јавно-правните субјекти** основани од централната власт, како и **Трговските друштва** основани од РС Македонија, освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, ***можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи,*** **само под услов, ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на РС Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година.**

**Јавните претпријатија, Агенции и Јавно-правните субјекти** основани од централната власт, како и **Трговските друштва** основани од РС Македонија, ***можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работници*** за привремени вработувања, за вршење на привремени работи, **само доколку имаат остварено позитивен финансиски резултат, во своето работење во претходната година и вкупниот број на нови вработувања е идентичен со вкупниот број на одливи на вработени во тековната година.**

По исклучок, јавните претпријатија, агенции и јавно-правните субјекти, основани од централната власт, како и трговските друштва основани од РС Македонија, можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работници за привремени вработувања, за вршење на привремени работи **кога имаат остварено негативен финансиски резултат** и вкупниот број на нови вработувања може да биде поголем од вкупниот број на одливи на вработени во тековната година, **само доколку станува збор за работни места, кои се неопходни за вршење на основната дејност на правниот субјект.**

За оправданоста на вработувањата, одлучува Владата на РС Македонија, по претходно доставена информација од страна на правниот субјект.

Министерството за финансии ***во рок од 30 дена*** од денот на приемот на барањето за пополнување на работно место, ***писмено ги известува субјектите*** за обезбедените финансиски средства за пополнување на работното место, преку постапка за вработување, унапредување или преземање на вработени, помеѓу институциите од јавниот сектор.

Раководителот на правниот субјект е одговорен за осигурување дека за пополнување на работното место, преку постапка за вработување, има обезбедено финансиски средства за тековната година.

***За пополнување на работно место,*** преку мобилност со постапка за распоредување во рамките на буџетскиот корисник или единка корисник и за пополнување на работно место преку мобилност, со постапка за преземање помеѓу единки корисници, кои се во надлежност на ист буџетски корисник, согласност дава раководителот на буџетскиот корисник, врз основа на обезбедените буџетски средства во масата на плати.

Буџетските корисници, доставуваат барање за добивање на известување **од Министерството за Финансии,** за обезбедени финансиски средства за пополнување на работно место, преку вработување на неопределено време, во рамките на единките корисници, кои се во нивна надлежност по претходно извршена анализа за оправданоста на барањето за вработување и само доколку станува збор за работно место кое е неопходно за вршење на основната дејност на единката корисник.

**При доставување на барање** за вработување во единки корисници, јавни претпријатија, агенции и јавно-правни субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од РС Македонија, ***раководителот на правниот субјект, доставува Табеларен преглед кој содржи податоци за***:

- **Број на вработени со состојба 31 декември во последните три години,**
- **Планирани средства во масата на плати,**
- **Исплатени средства од масата на плати до моментот на поднесување на барањето за вработување,**
- **Потребни средства за исплата на плата до крајот на годината за постојните вработени,**
- **Потребни средства за нереализираните вработувања за кои има издадено претходно известување за обезбедени финансиски средства и**

- **Потребни средства за бараниот број на нови вработувања до крајот на годината.**

Раководителот на правниот субјект ***во прилог на барањето доставува и потпишана изјава*** со која потврдува дека во рамките на масата на плати, има обезбедено средства за бараните вработувања.

Министерството за финансии постапува по поднесените барања, само доколку истите се комплетирани со бараните податоци.

Собранието на РС Македонија за согласност за обезбедени финансиски средства, постапува согласно со Законот за Собранието на РМ.

### *4. ПРАВО НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА*

Согласно член 21 од ЗИБ, вработените во буџетските корисници и единките корисници, ***правото на додаток на плата за прекувремена работа,*** првенствено го остваруваат преку ***користење слободни часови, односно денови,*** колку што биле ангажирани за работата надвор од редовното работно време, доколку во буџетот на буџетскиот корисник или единка корисник не се обезбедени средства за исплата на додаток на плата за прекувремена работа, а со користењето на слободни денови за вработените, не се нарушува редовниот работен процес, во извршувањето на работните задачи.

***Обезбедените средства за оваа намена*** подразбираат дека буџетските корисници и единки корисници, не треба да достават барање за исплата на плата, кое ќе биде поголемо од утврденото месечно право за исплата на плата, односно од обезбедените буџетски средства во масата на плати.

### *5. ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА*

Во согласност со член 50 од ЗИБ, буџетските корисниците кои се обврзани да ***изготват Програми за користење на средства од Буџетот,*** должни се до Владата на Република Македонија да ги достават истите ***во рок од 30 дена,*** од денот на објавувањето на Буџетот во “Службен весник на РМ”.

Владата на Република Македонија е должна да ги донесе програмите ***во рок од 30 дена***, од денот на доставувањето од страна на корисниците на Буџетот.

Буџетските корисници до Министерството за финансии ***доставуваат полугодишен и годишен извештај*** за реализација на програмите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

### *5.1. Поврат на приходи на Буџетот*

Согласно член 51 од ЗИБ, поврат на приходи кои му припаѓаат на Буџетот, се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за уплатени приходи, ***по кои не е настанато*** правно дејство, како и во случаи кога е остварено право на поврат на уплатени приходи во согласност со законски и подзаконски акти.

***Пренасочувањето на приходите, уплатени во Буџетот се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени приходи.***

Повратот, односно пренасочувањето на приходите на Буџетот, освен приходите на ***Управата за јавни приходи*** и приходите на царинската управа, ***се врши со решение на министерот за финансии.***

По исклучок, ***за грешки настанати при вршење на платен промет***, **повратот**, односно пренасочувањето со налог го врши Трезорот, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *5.2. Поврат на приходи на Управа за јавни приходи*

***Поврат, односно пренасочување на приходите,*** за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Управата за јавни приходи, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за напра-вената грешка.

### 5.3. Поврат на приходи на Царинската управа

Поврат, односно пренасочување на приходите, за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Царинската управа по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### 5.4. Поврат на приходи на органи на државна власт

Поврат, односно пренасочување на приходи, кои со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се врши со решение на функционерот кој раководи со органот.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го вршат органите на државната управа, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Во постапката за поврат на погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за приходи по кои не е настанато правно дејство, ***не се засметува камата***, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Начинот на постапување при извршувањето на повратот, односно пренасочувањето од овој член, го пропишува министерот за финансии.

### 5.5. Рок за завршување на постапката за поврат

Согласно член 50 од ЗИБ, рокот за завршување на постапката за поврат, односно пренасочување на приходите, ***не може да биде подолг од 60 дена*** од денот на приемот на барањето за поврат, односно пренасочување на приходите.

***Правото на поврат, односно пренасочување*** на приходите, ***застаруваат во рок од пет години,*** од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Како ден на дознавање, се смета датумот на донесен акт од надлежен орган, согласно со закон или друг соодветен акт со кој е утврдено правото на поврат, односно со кој може да се оствери правото на поврат.

## *6. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ ОД ДОНАЦИИ И ЗАЕМИ*

Согласно член 54 од ЗИБ, ***приходите*** остварени од самофинансирачки активности, од донации и заеми, буџетските корисници од централната власт, можат да ги користат за намените и во висина на износите, утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки и истиот е потребно да се достави до министерството за финансии, ***во рок од 25 дена од донесувањето на Буџетот***.

Буџетските корисници од централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, ***во рок од пет дена*** од денот на доне-сувањето на Буџетот, ***да доставаат извод од годишниот фина-нсиски план*** по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот, единките корисници ***изготвуваат свој финансиски план по квартали по сметки, по програми, потпрограми и ставки***, кои имаат обврска да го доставаат до надлежното министерство и до Министерството за финансии, ***во рок од 25 дена*** од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината буџетските корисници од централната власт можат да доставаат барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, по програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетските корисници од централната власт да доставаат образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот, за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од Централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот

при Министерството за финансии, ***да доставаат и збирен квартален план по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, за своите единки корисници.***

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт можат да доставаат барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Прераспределбата на утврдените средства на посебните сметки, меѓу расходните ставки, програми и потпрограми во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, се врши со претходна согласност на министерот за финансии.

### *7. ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИ*

Согласно член 56 од ЗИБ, буџетските корисници водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (**ПО 1 Образец**) и преземени обврски за тековната година (**О1 Образец**).

Начинот на постапување при пријавување на преземените повеќегодишни обврски (**ПО-1 Образец**) и преземени обврски за тековната година (**О1-Образец**), како и водење евиденција на обврските ги пропишува министерот за финансии.

### *8. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИ ОД СМЕТКИТЕ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, ПО ОСНОВ НА ПРАВОСИЛНА НАПЛАТА*

Согласно член 57 од ЗИБ, средствата за исплата по налози за извршување (***решенија за присилна наплата и налози за извршување доставени до Народна банка на Република Македонија***) се извршуваат од ставката ***465 - Исплата по извршени исправи.***

За извршување на налозите за извршување, Министерството за финансии по автоматизам врши пренамена на ставката **465 - Исплата по извршени исправи,** во висина на потребниот износ од другите ставки каде што има расположливи средства во рамки на буџетот на буџетскиот корисник, освен од ставките за исплата на плати и надоместоци, независно од основот на извршена исправа.

# СМЕТКОВОДСТВО

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ И БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2023 ГОДИНА*

***Новиот начин на утврдување на благајничкиот максимум е регулирано согласно новиот Закон за платежни услуги и платни системи, објавен во "Службен весник на РСМ" 90/2022, со примена од 01.01.2023 година.***

### *ВОВЕД*

Благајната е место каде се финализира готовинското работење, кое преставува еден сегмент од платниот промет на правните субјекти, а се однесува на работење со парични средства во форма на готови пари и хартии од вредност, кои се користат како средства за плаќање.

### *1. БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ*

Благајничкото работење претставува синтеза на примање ***(прилив)*** и издавањето ***(одлив)*** на пари и други средства за плаќање, вршење на менувачки работи на менувачниците и девизни работи, за потребите на правните субјекти.

Според тоа, независно од тоа дали благајничкото работење се врши преку една или преку поваќе благајни, ***најчесто ги опфаќа следниве работи:***

- **Подигање на готови пари** од трансакциска сметка и нивно внесување во денарската благајна, заради исплата;
- **Подигање на ефективни странски пари** од девизната сметка и внесување во девизната благајна за потребите на исплатата на ефективни странски пари;
- **Уплати, исплати и чување** на готови пари, во домашна и странска валута;
- **Внесување на готови пари** на трансакциска сметка на субјектот, над висината на благајничкиот максимум, односно уплата на ефективни странски пари на девизната сметка;
- **Примање, издавање и чување** на хартии од вредност во домашна и странска валута;
- **Чување и манипулирање** на други вредности во благајната;
- **Доставување на благајнички документи** во врска со извршените уплати, односно исплати;
- **Ажурно водење на книгата на благајната (**благајнички извештај) и други помошни работни книги, кои се водат во состав на благајничкото работење;
- **Чување на благајнички документи** и помошни работни книги, во врска со благајничкото работење, во рокови кои ги пропишува Законот за трговски друштва **(5 години од последниот ден на пресметковната година, на која се однесуваат***)*.

### *1.1. Благајнички максимум за 2023 година*

Согласно член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи, (***во продоложение Законот***), за плаќања со готовина, правно лице **може да чува во својата благајна, готовина до висината на благајничкиот максимум**.

Благајничкиот максимум го утврдува правното лице со посебен акт.

Правното лице **е должно** сите парични средства од дневниот пазар **над утврдениот благајнички максимум,** примени во готовина, по било која основа, **да ги уплати** најдоцна до следниот работен ден, на својата платежна сметка.

Правното лице **е должно да ја осигура готовината** која ја чува во својата благајна, најмалку **до висината на благајничкиот максимум**, при што договорот за осигурување задолжително **ќе ги покрива штетите во случај на пожар, поплава и кражба.**

Обврската за осигурување на готовината од благајна, **не се однесува на правните лица, чиј благајнички максимум е до 20.000 денари.**

Плаќањето на **производи и услуги во готово** од страна на правни лица, **не може поединечно да биде повеќе од 6.000** денари и **не може да надмине вкупен износ од 60.000 денари** во текот на календарскиот месец.

Со овие законски одрдби **се намалува можноста за набавка на трговска стока** преку готовинско плаќање, односно готовинските плаќања **ќе се сведат само на неопходните ситни набавки за потребите на друштвото.**

Висината на благајничкиот максимум, учесникот во платниот промет е должен да ја утврди **со посебен акт,** во зависност од висината и видот на исплатите во пари во готово, што ги врши спрема природата на своето работење, оддалеченоста од седиштето на институцијата за платен промет, на банката, на поштата и од другите услови, што се од влијание врз потребата за држење пари во готово, во банката.

При изготвувањето на актот за благајнички максимум, учесникот во платниот промет, **треба да ги има во предвид висината и видот на исплатите во пари во готово**, што ги врши спрема природата на своето работење, оддалеченоста од седиштето на институцијата за платен промет (банката) и од другите услови, што се од влијание врз потребата за држење пари во готово во благајната.

**НАПОМЕНА: Одлуката за утврдување на висината на благајничкиот максимум за наредната година, треба да се донесе најдоцна до крајот на годината**.

Измената на благајничкиот максимум, може да се изврши во текот на деловната година, повторно со Одлука на субјектот, ако се изменат условите, врз основа на кои е утврден последниот благајнички максимум.

Ако субјектот на крајот на годината, не го утврди благајничкиот максимум за наредната година, во наредната година, важи последниот утврден благајнички максимум.

### *1.1.1. Утврдување на Благајнички максимум*

Согласно член 183 од Законот, учесникот во платниот промет, **може за плаќање во готово, да подига од сметките и да држи во својата благајна, пари во готово, во висина на благајничкиот максимум.**

Висината на благајничкиот максимум, учесникот во платниот промет е должен да ја утврди со посебен акт.

### *ОДЛУКА ЗА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ*

Врз основа на член _____ од Статутот на Друштвото ______________________________ и член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи,(“Службен весник на РСМ” 90/2022), Управниот одбор на ден _____________ година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за Благајнички максимум за 2023 година**

**1 Благајнички максимум се одредува во износ од 60.000,00 денари.**

**2. Правното лице е должно сите парични средства од дневниот пазар, над утврдениот благајнички максимум примени во готово, по било која основа да ги уплати најдоцна до следниот работен ден на својата платежна сметка.**

**3. Правното лице е должно да ја осигура готовината која ја чува во својата благајна, најмалку до висината на благајничиот максимум, при што договорот за осигурување задолжително ќе ги покрива штетите во случај на пожар, поплава и кражба.**

**4. Плаќањето на производи и усуги во готово од страна на правни лица, не може поединечно да биде повеќе од 6.000,00 денари и не може да надмине вкупен износ од 60,000,00 денари во текот на календарскиот месец.**

**3. Оваа одлука се применува од денот на донесувањето, и има важност до 31.12.2023 години, односно до денот на донесувањето на оваа Одлука.**

**4. Со стапување во сила на оваа одлука, престанува да важи одлуката за благајнички максимум, донесена од страна на одговорното лице (управителот) Управниот одбор (директорот) на ден ______________година.**

**Скопје, ___________ Одговорно лице**

**___________________Управен одбор (директор)**

**__________________________**

### *1.2. Плаќање со пресметка (компензација, цесија, асигнација)*

Согласно член 183 став 7 од Законот, правното лице **не може** да врши плаќање со пресметка, **доколку има блокирана платежна сметка, (одредбата е во примена од 01.01.2024).**

Согласно оваа одредба , правните субјекти ќе може да си ги подмируваат меѓусебните обврски и побарувања по пат на пресметка, во 2023 година односно со потпишување на договори за компензации, цесии, асигнации и покрај блокираните сметки во комерцијалните банки.

**НАПОМЕНА: Согласно член 234 став 5 од Законот, почнувајќи од 01.01.2024 година, правното лице не ќе може да врши плаќање со пресметка доколку има блокирана платежна сметка.**

Согласно член 183 ставови 8 и 9 од Законот,

- Буџетските корисници, единките корисници и другите корисници, кои имаат платежни сметки во Трезорската сметка, не **можат да вршат плаќање со пресметка, доколку имаат блокирана платежна сметка.**
- Јавните здравствени установи, кои имаат платежни сметки во Здравствената трезорската сметка, **не можат да вршат плаќање со пресметка, доколку имаат блокирана платежна сметка.**

Согласно оваа одредба од Законот, овие корисници и понатаму **не ќе можат да вршат плаќања со пресметка,** доколу имаат блокирани сметки, односно **не ќе може да потпишуваат договори** за компензација, цесија, асаигнација, доколку некоја од страните потписнички има блокирано сметка.

### *1.3. Прекршочни одредби за Благајничко работење.*

За непочитување на одребите, кои се однесуваат на Благајничкото работење и плаќањето со пресметка, предвидени се и одредени прекршочни одреби, односно ГЛОБИ.

Согласно член 218 од Законот, Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност за **микро тргове**ц, од 250 до 750 евра во денарска противвредност **за мал трговец**, од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност **за среден трговец** и од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност **за голем трговец,** ќе му се изрече за прекршок доколку:

- Не ги информира потрошувачите за неприфаќање на сите платежни картички или други платни инструменти **(член 119 став (4) од Законот,**
- Не ја осигура готовината, која што ја чува во благајна (**член 183 став (4) од Законот),**
- Плаќа производи и услуги во готово во поединечен износ повеќе од 6.000 денари или во вкупен износ повеќе од 60.000 денари во текот на календарски месец **(член 183 став (6) од Законот**) и
- Врши плаќање со пресметка, доколку има блокирана платежна сметка (**член 183 став (7) од Законот.**

Покрај глобата на трговецот, ќе му се изрече и прекршочна санкција, **забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години.**

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на одговорното лице кај трговецот за претходно наведените прекршоци.

Покрај глобата на одговорното лице кај трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција, **забрана за вршење должност во траење до една година.**

## 2. ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

### 2.1. Подигање готовина од трансакциска сметка во банка

Согласно одредбите од Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата, подигањето на готовина од трансакциска сметка во банките, се врши со налог на исплата на готовина ***(Образец ПП-40).***

Овој образец се користи за подигање на средства (готовина) од трансакциската сметка на правното или физичкото лице за подигање на ефектива за исплата.

Согласно Упатството за платни инструменти и понатака пос-тојат одделни шифри, кои дозволуваат подигање и исплата на готови пари и тоа за следните основи:

**ВАЖЕЧКИ ШИФРИ ЗА ПОДИГАЊЕ ГОТОВИНА ОД ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**

| Шифи на плаќање | Цел на дознаката |
|---|---|
| 140 | Исплата на пензии во готово (*се користи за ознака при исплати во готово по основ на пензии*) |
| **180** | **Исплата на други лични примања во готово (се користи за исплата во готово за):** |
| *184* | *- исплата на социјална помош;* |
| *185* | *- исплата на примања на инвалиди;* |
| *188* | *- исплата на дневници и трошоци за службени патувања;* |
| *189* | *- исплата на теренски додатоци за време на работа на терен;* |
| 193 | *- исплата на надомест во случај на смрт на член на семејство, повреда и боледување;* |
| **860** | **Исплата во готово од сопствена сметка во полза на правно лице врз основа на:** |
| | - откуп на земјоделски и сточарски производи; |
| | - материјални трошоци; |
| | - други основи (согласно пропис); |
| 861 | Други исплати од сметка на правни лица во готово; |

| 870 | **Исплата во готово од сопствена сметка на физичко лице на основа на:** |
|---|---|
| *871* | *- исплата на депозит по видување или штедна книшка;* |
| *872* | *- исплата на орочен депозит или штедна книшка;* |
| *873* | *- исплата од сметка;* |
| *874* | *- исплата на камата на депозит по видување;* |
| *875* | *- исплата на камата на орочен депосит;* |
| *876* | *- исплата на камата од сметка;* |
| *877* | *- други исплати во готово од сопствена сметка во полза на физичко лице – се користи како ознака при други неспомнати основи, во полза на физичко лице;* |
| 880 | Готовинска исплата од порто каса. |

Новопропишаните услови за готовинското работење, кои се применуваат од 01.01.2023 година, се во склад со одредбата од Законот за ДДВ од член 34 став 1 точка 2, кој го исклучува правото на одбивка на ДДВ од промет преку фискална сметка, во износ над 6.000,00 МКД.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Марика Лекоска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2023 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2023 година (за даноци и придонеси)* | *49.397,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2023 година, за образец (МПИН)* | *24.699,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси за 2023 година (16 просечни бруто плати - (16 x 49.397)* | *790.352,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2023 година* | *9.038,00* |
| *Дневница за службени патувања од 23.01.2023* | *2.631,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2021 година* | *28.718,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година* | *42.887,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2023 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2023* година, изнесува:

***43.509,00 денари.***

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2023 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 ... 171/17; 35/18; 247/18, 251/22), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2023* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***24.699,00 денари (49.397,00 х 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***24.699,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***49.397,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***24.699,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2023 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***790.352,00 денари (16 х 49.397,00 денари).*** |

***3.2. Највисока основица за самовработени лица***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***592.764,00 денари (12 x 49.397,00 денари)***

***3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата ***на Іззвршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво,*** односно ***управител во трговско друштво***, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2023 година**, изнесува.

***790.352,00 денари (16 x 49.397,00 денари***

***3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***39.518,00 денари (49.397,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.***

### 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ЈАНУАРИ 2023 година,*** по вработен | 18,8% | ***4.643,00*** | ***148.586,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***ЈАНУАРИ 2023 година*** по вработен | 7,5% | ***1.852,00*** | ***59.276,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***ЈАНУАРИ 2023 година*** по вработен | 1,2% | ***296,00*** | ***9.484,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***ЈАНУАРИ 2023 година,*** по вработен. | 0,5% | ***123,00*** | ***3.95200*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | ***28%*** | ***6.914,00*** | ***221.298,00*** |

### 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

### 6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2023 до 31.12.2023 година)

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) дано-кот на личен доход за доход од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### 6.2. Даночно намалување

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2023*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2023 годинс* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***9.038,00*** |
| ***Годишно*** | ***108.456,00 (9.038 x 12)*** |

## 7. СТАПКА НА ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ –ИНФЛАЦИЈА- И ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15, 202/19) ***Министерството за труд и социјална политика, објавува:***

1. Стапката на трошоците за живот за месец ***ДЕКЕМВРИ 2022*** година во однос на месец ***НОЕМВРИ 2022*** , според податоците на ДЗС бр. 4.1.23.02 од 09.01.2023 година, е ***ПОНИСКА ЗА (-0,2%).***

2. Исплатата на платите за месец ***ДЕКЕМВРИ 2022*** во однос на месец ***НОЕМВРИ 2022 година***, работодавачите од член 3 став 1 од Законот за исплата на платите во РМ, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец и изнесува:

***(0,25%).***

### *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***ЈАНУАРИ/2023*** година, изнесуваат:

***176 часа.***

### *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2023 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (XI/2022), а се однесува за месец ЈАНУАРИ/2023 година, изнесува:***

***49.397,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.08 од 23.01.2023).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (IX-X-XI/2022 година),*** а се однесува месец ***ЈАНУАРИ/2023 година изнесува:***

***49.243,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.08 од 23.01.2023).***

### *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2023 година*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (XI/2022), а се однесува за месец ЈАНУАРИ/2023 година, изнесува:***

***33.011,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.07 од 22.01.2023).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (IX-X-XI/2022 година),*** а се однесува месец ***ЈАНУАРИ/2023 година изнесува:***

***32.890,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.07 од 22.01.2023).***

## *11. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *11.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(XI), а се однесува за месец ЈАНУАРИ/2023 година*** изнесува:

***33.011,00 денари,***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 33.011,00 денари:***

***За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***19.807,00 денари***<br>**(60% од основицата )**<br>***(33.011,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***66.022,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)**<br>***(2 x 33.011,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 66.022,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО** |
| ***19.807,00 денари***<br>***(60% од основицата)***<br>***(33.011 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 19.807,00 денари.*** |

***11.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(IX-X-XI/2022 година),*** а се однесува за месец ***ЈАНУАРИ/2023 година, изнесува:***

***32.890,00 денари***

Износот ***32.890,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

| ***<u>РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР</u>*** |
|---|
| ***НАЈНИЗОК*** износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ***ЈАНУАРИ/2023 година***, се исплатува во висина ***од најмалку 40% од основицата***, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач и **изнесува:**<br>***13.156,00 денари во НЕТО износ***<br>***(32.890,00 x 40%)*** |
| <u>Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.</u><br><br>***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***<br>***39.518,00 денари (49.397,00 x 80%)***<br>***(80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** |
| ***65.780,00 денари***<br>***(двократен износ од основицата (2 x 32.890)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 65.780,00 денари*** |

| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |
|---|
| ***32.890,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***19.734,00 денари***<br>**60% од основицата – (60% од *32.890,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 19.734,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** |
| ***2.631,00 денари***<br>**8% од основицата (8% од *32.890,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 2.631,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО*** |
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** |
| ***98.670,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 x 32.890,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 98.670,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** |
| ***65.780,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 x 32.890,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 65.780,00 денари.*** |

| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ*** |
|---|
| ***32.890,00 денари*** (***во висина на основицата)*** ***Ослободен од Данок на личен доход до 32.890,00 денари.*** |
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ*** |
| (**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар). ***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ*** |
| ***(во висина на стварни трошоци)*** ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА I/2023*** |
| ***5.744,00 денари*** (во висина од *20% од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2021 година ***(28.718,00 х 20%)*** ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 5.744,00 денари.*** |
| ***НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** |
| ***(поради повреда на работа и професионално заболување)*** ***32.890,00 денари;*** Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

## *12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ*
### ***што го исплатува Фондот за здравствено осигурување***

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...77/21), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2022 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2021 година **изнесува:**

***114.872,00 денари.***

***(4 х 28.718,00 денари)***

### *13. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2023 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2022 година, изнесува:

***57.992,00 денари.***

### *14. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈАНУАРИ 2023 година*** изнесува (***2 x 33.104,00 денари)***

***66.208,00 денари.***

### *15. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...151/21), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, ис-платена во претходната 2021 година во РСМ во висина од:***

***21.444,00 денари (50% од 42.887,00 денари)***.

### *16. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *17. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21; 288/21), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)*, работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| *Години поминати во работен однос* | *Висина на плата* |
|---|---|
| До 5 години | Една плата |
| Од 5 до 10 години | Две и пол плати |
| Од 10 до 15 години | Три и пол плати |
| Од 15 до 20 години | Четири и пол плати |
| Од 20 до 25 години | Шест плати |
| Над 25 години | Седум плати |

| *Испратнина за 2023* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 (2x50%) |
| *ЈАНУАРИ/2023* | *33.104,00* | *16.552,00* |

| |
|---|
| **НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот. |
| **НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач. |
| **НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос. |
| **НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход. |

### *18. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок *се утврдува во НЕТО износ за полно работно време* во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци*,** сметано **од четвртиот месец**.

**Минимална НЕТО плата *18.025,00 денари*.**

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

## *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти,во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот паѓа на товар на установата од областа на образованието.***

## *20. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## 21. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година ("Службен весник на РМ" 282/22), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** ***9.867,00 денари*** ***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% х 32.890,00)*** ***(Ослободен од Данок на личен доход до 9.867,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** ***66.022,00 денари (2 х 33.011,00)*** ***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)*** ***(Ослободен од Данок на личен доход до 66.022,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** ***33.011,00 денари*** ***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)*** ***(Ослободен од Данок на личен доход до 33.104,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** ***(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)*** ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година НЕ Е ПРОПИШАНА).*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година од 01.01.2023 година) НЕ СЕ ПРОПИШАНИ.*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** ***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник исплатена во РМ до денот на исплата*** ***66.022,00 денари (2 х 33.011,00)*** ***Ослободен од Данок на личен доход до 66.022,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br><br>***(Согласно член 21 од Гранскиот Колективен договор за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државно правобранителство, општините, градот и општините на градот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РМ ("Службен весник на РМ" 51/20, 172/21),*** вработениот **<u>има право</u>** на регрес за годишен одмор, во висина **од најмалку:**<br>***9.000,00 денари НЕТО,***<br>под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот.*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***<br><br>***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2023 година, НЕ Е ПРОПИШАН).*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ***<br>***ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***<br><br>Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2023 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** ***(во Органот каде што е вработен).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ***<br><br>***(во висина на стварни направени трошоци).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ***<br>***ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА ЈАНУАРИ//2023***<br>***6.433,00 денари (42.887,00 x 15%)***<br>***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2021 година***):<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 6.433,00 денари.*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2023 година изнесува:***<br>***81,60 денари*** |

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***("Службен весник на РМ" 293/2021).***

***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР - (за задолжително социјално осигурување) за XI/2022 година, се однесува за месец ЈАНУАРИ/2023 година изнесува:***

***25.789,00 денари (50% од 51.577,00)***

### *21.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија, работникот има право на ***надомест на плата*** – ***боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање | 100% од основицата |

***ОСНОВИЦА: Просечна исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *21.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа............................................29%***
- ***Работа ноќе...............................................................29%***
- ***Работа во три смени ..............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

**Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *22. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2023 ГОДИНА*

### *22.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **18.025,00** |
| 2. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 8.987,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **999,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **19.024,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (19.024 x 1,3889)** | **26.422,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5% | 1.982,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 317,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 132,00 |
| **11. Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **7.398,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 -11) | 19.024,00 |
| 13. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 9.986,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **996,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **18.025,00** |

### *22.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **26.422,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.982,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 317,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 132,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **7.398,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 19.024,00 |

| | |
|---|---|
| 8. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 - 8) | 9.986,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **999,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6- 10)** | **18.025,00** |

### *22.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **24.699,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.643,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.852,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 296,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 123,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **6.914,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 17.785,00 |
| 8. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 | 8.747,00 |
| **10. Данок на доход (10 x 10%)** | **875,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **16.910,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 24.699,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 24.699,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 24.699,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 16.910,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 875,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 6.914,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |
| 2430 – Обврски за нето плата | 16.910,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 875,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 6.914,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 24.699,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

### *22.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА (16 x 49.397,00)** | **790.352,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 148.586,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 59.276,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 9.484,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.952,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **221.298,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 569.054,00 |
| 8. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 560.016,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **56.002,00** |
| **11. Нето плата (1-6-10)** | **513.052,00** |

### *22.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **800.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 221.298,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **578.702,00** |
| 4. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 569.664,00 |
| **6. Данок на личен доход** ***(5 x 10%)*** | **56.664,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **521.736,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец НОЕМВРИ 2022 изнесува (12,1%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка ("Службен весник на РСМ" 112/2014...290/20; 151/21) Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот **НОЕМВРИ 2022** ***година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2021 година, изнесува:*** | ***12,1%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***НОЕМВРИ 2022 година,*** **изнесува**: | ***12,1%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *НОЕМВРИ 2022 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ке се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2021** година, од ***(АОП/56), помножен со 12,1%.***

# КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец ДЕКЕМВРИ 2022 изнесува (12,6%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка (“Службен весник на РСМ” 112/2014...290/20; 151/21) Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот **ДЕКЕМВРИ 2022** ***година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2021 година, изнесува:*** | ***12,6%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***ДЕКЕМВРИ 2022 година,*** **изнесува**: | ***12,6%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *ДЕКЕМВРИ 2022 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ке се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2021** година, од ***(АОП/56), помножен со 12,6%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

***Месечен коефициент за ДЕКЕМВРИ/2022 (0,003).***
***Кумулативен коефициент од I до XII 2022 (0,198).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година, во однос на ***НОЕМВРИ/2022*** година. | ***0,003*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година. | ***0,198*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2021*** **година.** | ***0,198*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година, во однос на ***НОЕМВРИ/2022*** година. | ***0,007*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од почетокот на годината до крајот на ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година. | ***0,151*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2021*** година. | ***0,151*** |

### *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година, во однос на ***НОЕМВРИ/2022*** година. | ***-0,002*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период од почетокот на годината до крајот на ***ДЕКЕМВРИ/2022*** година во однос на просекот на трошоците на живот ***во 2021*** *година.* | ***0,218*** |

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2023 година

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на EURIBOR | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10%) | 4=(2+8%) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12.2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12 . 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06.2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12.2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06.2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12.2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06.2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12.2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06.2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12.2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06.2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12.2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06.2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12.2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06.2016** | -0,364% | 9,636% | 7,636% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **38458 30.12.2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06.2017** | -0,373% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06.2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12.2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06.2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12.2018** | -0,363% | 9,637% | 7,637% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| 03.04-30.04. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **11011 03.04.2020** | -0,423% | 4,577% | 3,577% |
| 01.05. 31.05 2020 (**вонред-на состојба**) | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **12262 29.04.2020** | -0,460% | 4,540% | 3,540% |
| 01.06.30.06. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,50% | 6,50% | 5,50% | **14004 29.05.020** | -0,482% | 4,518% | 3,518% |
| 01.07. 31.12 2020 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **15997 30.06.2020** | -0,510% | 9,490% | 7,490% |
| 01.01. 30.06 2021 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **31368 24.12.2020** | -0,554% | 9,446% | 7,446% |
| 01.07. 31.12 2021 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **19476 29.06.2021** | -0,555% | 9,445% | 7,445% |
| **01.01.- 30.06 2022** | **1,25%** | **11,25%** | **9,25%** | **37790/1 28.12.2021** | **-0,583%** | **9,417%** | **7,417%** |
| **01.07. – 31.12. 2022** | **2%** | **12%** | **10%** | **21955/1 17.06.2022** | **-0,508%** | **9,492%** | **7,492%** |
| **01.01. – 30.06. 2023** | **4,75%** | **14,75%** | **12,75%** | **42045/1 22.12.2022** | **1,884%** | **11.884%** | **9.884%** |

## НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

**(за период ЈАНУАРИ /2023 година)**

| ДАТА НА ВАЖНОСТ | ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еуро супер БС - 95 | Еуро супер БС - 98 | Еуро дизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ – 1) | Мазут М-1/НС | Службен весник |
| 04.01.2023 | 79,00 | 81/,00 | 81,50 | 80,00 | 40,655 | 1/2023 |
| 10.01.2023 | 79,00 | 81,00 | 80,50 | 79,50 | 39,283 | 4/2023 |
| 17.01.2023 | 80,00 | 82,50 | 81,50 | 81,00 | 39,459 | 8/2023 |
| 21.01.2023 | 82,50 | 85,00 | 83,50 | 83,00 | 40,813 | 11/2023 |
| 24.01.2023 | 83,00 | 85,00 | 84,00 | 83,50 | 41,042 | 12/2023 |
| 31.01.2023 | 84,00 | 86,00 | 84,50 | 82,50 | 41,346 | 19/2023 |

# КУРСНИ ЛИСТИ

## *НА НБРМ ОД 01.01.2023 ДО 31.01.2023 ГОДИНА*

| *Земја* | *Шифра* | *Валута* | *Важи за* | *Среден курс на девизи* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *01.01.2023 02.01.2023 03.01.2023* | *04.01.2023* | *05.01.2023* |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.4932 | 61.4936 | 61.4925 |
| САД | 840 | USD | 1 | 57.6535 | 58.3154 | 58.0173 |
| Г. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 69.3350 | 69.8394 | 69.8144 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 62.4487 | 62.2468 | 62.4733 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 5.5291 | 5.5186 | 5.5075 |
